**20121273107**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 21 став (7) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА НА ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ-СМЕТКОВОДИТЕЛ, ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ-ОВЛАСТЕН СМЕТКОВОДИТЕЛ И ДРУШТВО ЗА ВРШЕЊЕ СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на барањето за добивање лиценца за работа и за формата и содржината на лиценцата за работа на трговец поединец-сметководител, трговец поединец-овластен сметководител и друштво за вршење сметководствени работи.

Член 2

Барањето за добивање лиценца за работа на трговец поединец-сметководител, се поднесува на образец – „Барање за добивање лиценца за работа на трговец поединец-сметководител“, во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Барањето за добивање лиценца за работа на трговец поединец-овластен сметководител се поднесува на образец – „Барање за добивање лиценца за работа на трговец поединец-овластен сметководител“, во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Барањето за добивање лиценца за работа на друштво за вршење сметководствени работи се поднесува на образец – „Барање за добивање лиценца за работа на друштво за вршење сметководствени работи“, во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Лиценцата за работа на трговец поединец - сметководител се издава на образец –„Лиценца за работа на трговец поединец - сметководител“, изработен од бела конздрук хартија со димензии на А-4 формат, дадена во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Лиценцата за работа на трговец поединец - овластен сметководител се издава на образец –„Лиценца за работа на трговец поединец - овластен сметководител“, изработен од бела конздрук хартија со димензии на А-4 формат, дадена во Прилог 5 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Лиценцата за работа на друштво за вршење сметководствени работи се издава на образец - „Лиценца за работа на друштво за вршење сметководствени работи“, изработен од бела конздрук хартија со димензии на А-4 формат, дадена во Прилог 6 кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Број 12- 27518/5
5 октомври 2012 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**ПРИЛОГ 1**

**ДО**
**ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И**
**ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Б А Р А Њ Е**
за добивање лиценца за работа на трговец поединец-сметководител

Од_______________________________________________________________________________
(полн назив на подносителот на барањето според заверката во Трговскиот регистар)

_________________________________________________________________________________
(седиштето на подносителот на барањето)

_________________________________________________________________________
(телефон, факс и е-пошта на подносителот на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија да ми издаде лиценца за работа на трговец поединец-сметководител согласно член 21 од Законот за вршење на сметководствени работи.

Место и датум　　　　　　　　　　　　Подносител на барањето

______________________　　　　М.П.　　　　______________________

**НАПОМЕНА:** Барањето се пополнува во два примерока со печатни букви и задолжително се пополнуваат сите барани податоци

**ПРИЛОГ 2**

**ДО**
**ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И**
**ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Б А Р А Њ Е**
за добивање лиценца за работа на трговец поединец-овластен сметководител

Од__________________________________________________________________
(полн назив на подносителот на барањето според заверката во Трговскиот регистар)

____________________________________________________________________
(седиште на подносителот на барањето)

______________________________________________________________
(телефон, факс и е-пошта на подносителот на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија да ми издаде лиценца за работа на трговец поединец-овластен сметководител согласно член 21 од Законот за вршење на сметководствени работи.

**НАПОМЕНА:** Барањето се пополнува во два примерока со печатни букви и задолжително се пополнуваат сите барани податоци.

**ПРИЛОГ 3**

**ДО**
**ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И**
**ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Б А Р А Њ Е**
за добивање лиценца за работа на друштво за вршење сметководствени работи

Од_______________________________________________________________________________
(полн назив на подносителот на барањето според заверката во Трговскиот регистар)

_________________________________________________________________________________
(седиштe на подносителот на барањето)

_________________________________________________________________________
(телефон, факс и е-пошта на подносителот на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија да ми издаде лиценца за работа на друштво за вршење сметководствени работи согласно член 21 од Законот за вршење на сметководствени работи.

**НАПОМЕНА:** Барањето се пополнува во два примерока со печатни букви и задолжително се пополнуваат сите барани податоци.

**ПРИЛОГ 4**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 21 став (4) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12), Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија издава

**Л И Ц Е Н Ц А**
**за работа на трговец поединец - сметководител**

На трговецот поединец ______________________________________________, со ЕМБС________________________, со седиште на _________________________________ во ____________________, кој ги исполнува условите согласно Законот за вршење сметководствени работи за добивање лиценца за работа на трговец поединец-сметководител.

Трговецот поединец се стекна со лиценца за работа на трговец поединец-сметководител и е евидентиран во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија под број____________.

Број __________
_____ 20___ година
Скопје

М.П.

Претседател на
Институт на сметководители
и овластени сметководители
на Република Македонија

___________________________

**ПРИЛОГ 5**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 21 став (4) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија“ број 95 /12), Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија издава

**Л И Ц Е Н Ц А**
**за работа на трговец поединец – овластен сметководител**

На трговецот поединец ____________________________________________________, со ЕМБС_________________________, со седиште на ____________________________________ во _____________________, кој ги исполнува условите согласно Законот за вршење сметководствени работи за добивање лиценца за работа на трговец поединец-овластен сметководител.

Трговецот поединец се стекна со лиценца за работа на трговец поединец-овластен сметководител и е евидентиран во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија под број_____________.

Број __________
_____ 20___ година
Скопје

М.П.

Претседател на
Институт на сметководители
и овластени сметководители
на Република Македонија

______________________________

**ПРИЛОГ 6**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 21 став (4) од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Македонија" број 95 /12), Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија издава

**Л И Ц Е Н Ц А**
**за работа на друштво за вршење сметководствени работи**

На трговското друштво ______________________________________________________, со ЕМБС_________________________, со седиште на ___________________________________ во ____________________, кој ги исполнува условите согласно Законот за вршење сметководствени работи за добивање лиценца за работа на друштво за вршење сметководствени работи.

Трговското друштво се стекна со лиценца за работа на друштво за вршење сметководствени работи и е евидентирано во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија под број_____________.

Број __________
_____ 20___ година
Скопје

М.П.

Претседател на
Институт на сметководители
и овластени сметководители
на Република Македонија

__________________________________